# Состојба со COVID-19 во Северна Македонија и светот

## СОСТОЈБА СО COVID-19 ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, период 04-10.11.2024

Тестирани се вкупно 187 материјали во лабораториите во кои се спроведува молекуларно тестирање и антигенско тестирање за присуство на SARS-CoV-2, за 1,1% повеќе во однос на минатата недела (n=185).

Регистрирани се 4 нови позитивни случаи, за 2 случаи помалку во однос на минатата недела (n=6). Процентот на позитивност се движи од 0,0% до 7,1%, просечно 2,2%.

***Табела 1.*** *Тестирани и позитивни во период од 04-10.11.2024*

| *Датум* | *Тестирани* | *Позитивни* | *% на позитивност* |
|---|---|---|---|
| **04.11.2024** | 46 | 0 | 0,0% |
| **05.11.2024** | 36 | 1 | 2,8% |
| **06.11.2024** | 33 | 0 | 0,0% |
| **07.11.2024** | 28 | 2 | 7,1% |
| **08.11.2024** | 20 | 0 | 0,0% |
| **09.11.2024** | 19 | 1 | 5,3% |
| **10.11.2024** | 5 | 0 | 0,0% |
| ***Вкупно*** | ***187*** | ***4*** | ***просек 2,2%*** |

Во тековната недела, регистрирани се заболени лица во општините од два градови (Скопје и Прилеп). Најголем дел од регистрираните случаи се од Скопје (n=3; 75,0%).

Регистрирани се заболени лица во возрасните групи над 30 години.

Во текот на минатата недела (04-10.11.2024) со статус „оздравени“ се стекнале 6 лица.

Во текот на минатата недела (04-10.11.2024), не се регистрирани починати лица асоцирани со КОВИД-19.

## СОСТОЈБА СО COVID-19 ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, 2024 година

Во текот на 2024 година, а заклучно со 10.11.2024, регистрирани се вкупно 1.737 заболени лица. Во месец октомври 2024 (n=56) се регистрира намалување од 80,6% во споредба на претходниот месец (n=288).

Во текот на 2024 година, а заклучно со 10.11.2024, тестирани се вкупно 12.392 материјали, во лабораториите во кои се спроведува молекуларно тестирање за присуство на SARS-CoV-2 и во лабораториите/ здравствените установи во кои се спроведува брз антигенски тест.

**Проценка на ризик**

По период на многу слаба активност, во летото 2024 година се детектираше зголемена активност на SARS-CoV-2 во рамките на европскиот континент, вклучително и во Р.С. Македонија. Во последните два месеци се регистрира намалување на бројот на позитивни, но и на бројот на тестирани лица.

Лицата на возраст од 60 години се со најголем ризик од тешка болест.

Хоспитализациите на лица со потврден КОВИД-19, приемите во интензивна нега и смртните случаи остануваат на ниско ниво во земјите на ЕУ/ЕЕА. Овие податоци во Р.С. Македонија не се достапни.

Иако бројот на заболени од КОВИД19 на неделно ниво се намалува, со оглед на тоа дека почнува периодот на зголемена циркулација на респираторни вируси во северната хемисфера, постои ризик активноста на SARS-CoV-2 да се зголемува, што ја нагласува континуираната потреба од надзор (епидемиолошки и вирусолошки) на национално и регионално ниво.

**Препорачани мерки за превенција и контрола**

Се препорачува следење на основните мерки за превенција на КОВИД-19 и останати респираторни заразни заболувања.

Вакцинацијата останува специфична превентивна мерка обезбедувајќи заштита од тешки форми на болест, иако овој заштитен ефект со тек на време се намалува. Продолжува препораката за вакцинацијата на лицата со висок ризик од тешки форми на болест и лош исход (како што се повозрасните лица).[1]

Скопје, 11.11.2024

***Оддел за епидемиологија на заразни болести***
***Институт за јавно здравје***

[1] https://www.ecdc.europa.eu/sites/default/files/documents/2024-WCP-0039%20Final.pdf